Извадоци од житиeто на св. Кирил Философ и св. Методиј (Лист 1)

Во градот Солун бил некој маж, богат и од добро семејство, по име Лав... Живеел со својата сопруга, родил седум деца, од кои најмлад беше седмиот, Константин Филозоф, наш наставник и учител...

Еден ден, според обичајот на синовите на богатите луѓе да одат на лов, појде со нив во полето, земајќи го со себе својот јастреб, и кога го пушти, според волјата на Бог, се крена ветер, го потфати и го однесе. Момчето од тоа време падна во очај и тага, и два дена не јадеше леб. Бог милосрден со своето човекољубие, не сакајќи, да се привикнува на световни работи... Размислувајќи во душата... [реши] „Таков ли е овој живот, каде место радост се раѓа тага? Од овој ден ќе тргнам на нов пат, подобар... своите денови нема залудно да ги потрошам."...

И започна да учи, седејќи во својата куќа, учејќи ги книгите во спомен на свети Григориј Богослов...

...Кога дојде во Цариград, го дадоа на учење кај наставниците. И во 3 месеци завладеа со сета граматика и зеде друга наука, го научи Хомер, и геометрија, и дијалектиката на Лав и Фотија, и сите филозофски учења, а озгора и реторика, и аритметика и астрономија и музика и сите други елински ученија. И така изучи се, како што не изучил никој, така што брзината се спои со вниманието, помагајќи си едно на друго со подобрување на науката и уметноста...

Кога го видел логофетот дека е таков му дал власт над својот дом и (дозволил), без страв да влегува во царските палати... И логофетот му даде достојна чест и му даде многу злато, но тој не го прифати. Еднаш му рече: „Твојата убавина и мудрост ме присилува да те сакам уште повеќе. Имам ќерка, прекрасна и духовна, која ја крстив, убава и богата, од добар и голем род. Ако сакаш, да ти ја дадам за жена, а од цезарот пак ,ќе добиеш особена чест и власт, а очекувај и повеќе, бидејќи наскоро стратегот си оди."

Му одговори Филозофот: „Голем е подарокот за оние кои го сакаат тоа, за мене не постои ништо над учењето, благодарение на него собрав знаење, сакам да го барам богатството и честа на прадедовците". Слушајќи го неговиот одговор, појде логофетот кај кралицата и ѝ рече: „Овој млад филозоф не го сака овој живот, но сепак нема да го пуштам од (нашето) општество, туку потстрижувајќи го во свештеник ќе му дадам служба, нека биде библиотекар на патријархот во Света Софија, можеби така ќе го задржиме." И така со него и сториле.

Минувајќи малку време со нив, отиде на Тесното море (Босфор) и избега тајно во еден манастир, го бараа 6 месеци и едвај го најдоа, и бидејќи не можеа да го принудат насилно на истата служба, го замолија да биде ракоположен за наставник, да предава филозофија на своите и на странци со секоја поддршка и помош. И за тоа се нафати...

[Како човек со широки знаења, со талент за јазици и дипломатска вештина, од византискиот двор и Цариградската партијаршија бил испратен во три историски мисии. Во првата, Арапската кај Сарацените (во денешен Ирак), имал само 24 години. Во втората – кај Хазарите (денешна Русија) и во третата – кај Словените во Панонија и Моравија (денешна Чешка) учествувал заедно со својот најстар брат Методиј.]

...Ростислав, кнезот на Моравија... пратил [писмо] кај Цезарот Михаил, велејќи: „Иако нашите луѓе го отфрлија незнабоштвото и го чуваат законот христијански, немаме таков учител кој на нашиот јазик ќе ни ја претстави вистинската христијанска вера па и другите земји... прати ни Господине, епископ и учител таков..." ...И кога дојде во Моравија, го прими Ростислав со големи почести и собра ученици и му ги даде да ги учат. И наскоро ја преведе [на словенски јазик] целата црковна служба...

...тоа цезарот Михаил му рече на Константин Филозоф: „Го слушаш ли, Филозофе, овој говор? Никој друг не може да го направи ова, освен тебе. Еве јас ќе ти дадам многу подароци и оди,

земи го и својот брат игуменот Методиј. Вие сте Солуњани, а сите Солуњани чисто зборуваат славјански“...

..Но, откако слушнаа за ова велико дело, [св. Кирил и св. Методиј] се дадоа на молитва и со други, кои имаа иста мисла како нив.

И Бог тука му го откри на Филозофот (Св.Кирил) словенското писмо. И тој брзо создаде букви и состави беседи, па замина за Моравија, земајќи го се себе Методиј. И тој повторно почна покорно да го почитува, да му служи на Филозофот и да учи со него. А кога поминаа три години, се вратија од Моравија, откако научија ученици.

[Ја создаде глаголицата, првото писмо на сите Словени. На неа ги учеше народите словенски]

...[св. Кирил Философ] го стигнаа маките и почна да се разболува. И кога многу денови ја издржа неговата сериозна болест... ја облече својата чесна облека и го мина така целиот ден, радувајќи се и велејќи: „Сега не сум слуга ниту на Цезара, или било кој друг на земјата, само на Семоќниот Бог. И бев и ќе бидам засекогаш. Амин.“ Следниот ден тој се облече на свет монашки начин и носејќи ја светлината во светот, си даде себеси име: Кирил. И во овој лик помина педесет дена.

И така тој почина во Господ, а беше на четириесет и две... [27 февруари, 869 г.]

[неговото тело е погребено во црквата св. Климент Римски во Рим]

[... Постариот брат, Методиј, како офицер поминал десет години меѓу Словените. Потоа се оддалечил на горатa Олимп и се предаде на монашки подвиг.]

...Кога на цветна недела се собраа сите луѓе, тој влезе во црква и беше болен, и се молеше за благослов на цезарот и кнезот, и духовниците, и сите луѓе и рече: „Чувајте ме деца, до третиот ден.“ - Така и беше. Кога на третиот ден почна да се раздденува, пак рече: „Во твоите раце, Господи, мојата душа ја ставам“ и на рацете јерејски почина на [6 април 885 г.]...

Неговите ученици, приготвувајќи го за погреб, и давајќи му достојна чест ја служеа црковната служба на латински, грчки и словенски и го положија во катедралната црква...

[каде точно е неговиот гроб не се знае. Се претпоставува дека е погребан некаде во Моравија – денешна Чешка]

Раскажани извадоци од житијата на св. Кирил и св. Методиј (Лист 2)

Во Солун, во куќата на Лав и Марија, се родиле 7 деца, од кои седмото бил Константин – Кирил Лав бил помошник на воениот командант на солунската област, а Марија потекнувала од видно семејство, блиско до царскиот дворец.

Потекнувајќи од видно и богато семејство Константин имал можност да се здобие со солидно образование. Бидејќи во училиштето покажувал голем успех се запишал во Магнаурската школа, која била најпрочуена во тоа време.

Кога ја завршил го назначиле за библиотекар на Патријаршиската библиотека во Цариград. По извесно време, шест месеци престојувал во манастир, а потоа работел како наставник по филозофија во Магнаурската школа. Од тогаш го добива епитетот филозоф (Константин Филозоф).

Како многу учен, го испраќаат на три мисии:

- Арапска (сараценска) мисија (851год.)
- Хазарска мисија (860-861год.)
- Моравска мисија (863год.)

Моравската мисија е најзначајна, бидејќи заради неа ќе биде создадена првата словенска азбука.

Кнезот Ростислав, владетелот на првата словенска држава, Велика Моравија (помеѓу Чешка и Словачка), побарал од Византија мисионери кои ќе го шират христијанството, но на словенски јазик и со словенско писмо. Со свој јазик, своја црква и култура тој сакал да ја зацврсти државата и да ја избегне германизацијата.

## Создавање на словенската азбука

Константин со помош на Методија ја создава првата словенска азбука – глаголицата и ги преведува книгите за богослужба на словенски јазик за во 863 година да оди во Моравија.

За време на мисијата, тие го поттикнале отворањето на словенски цркви и училишта што им попречило на германските свештеници, па го обвиниле Константин дека шири ерес.

## Официјално признавање на словенскиот јазик

Затоа бил повикан кај папата Адријан. Во Рим 869 година со силни аргументи, со говор достоен за светец, Кирил рекол дека како што сонцето свети исто за сите, така сите имаат право да си ја кажуваат верата на свој јазик, а не само на латински, еврејски и грчки.

Тогаш папата официјално ја признал словенската писменост и дозволил богослужбата да се извршува на словенски јазик. Во Рим Константин се замонашува и го добива името Кирил и истата година таму починува.

## Житието на Методиј

(815–885)

Авторот истакнува дека браќата потекнуваат од висок род (никаде нема податоци за роденото, световното име на Методиј), дека Методиј бил управител на една словенска област, дека се замонашил на планината Олимп, каде го добил името Методиј.

Потоа се даваат истите податоци како во Кириловото житие сè до смртта на Кирил. Опширно е прикажана борбата на Методиј со германското свештенство и неговото прогонство од две и пол години (некаде во Швапско, јужен дел на Германија, во близина на австриска граница).

По тоа следува побуната на Словените против германските свештеници како и барањето на кнезот Коцељ, Методиј да биде назначен за архиепископ, што според житието е сторено во 873 година. Но, судирите со германското свештенство не запираат и Методиј е постојано прогонуван. Без разлика на тешките услови, тој продолжил да се бори и да работи на преводи од грчки на словенски јазик.

Така, за шест месеци тој ги превел сите богослужбени книги.

Во заклучниот дел е прикажан погребот на Методиј и неговата одлука пред смртта за свој наследник и продолжувач на делото да го назначи Горазд.

Други, освен Горазд, многузначајни ученици на браќата се: Сава, Ангеларий, Климент, Наум.